ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Централен депозитар за хартии од вредност ЦДХВ АД Бр. 02-3720/1 18.06.2018 Скопје

Врз основа на член 27 став 1 алинеи в) и е) од Правилата за однесување и дисциплина на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, Одборот на директори на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје, на седницата одржана на 18.06.2018 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за изрекување на дисциплински мерки кон членката Илирика Инвестментс АД Скопје**

**Член 1**

Кон членката Илирика Инвестментс АД Скопје СЕ ИЗРЕКУВААТ следните дисциплински мерки:

СЕ ОПОМЕНУВА членката Илирика инвестментс АД Скопје, поради повреда на точката 5.14 од Правилата за работа на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

СЕ ЗАДОЛЖУВА членката Илирика инвестментс АД Скопје во рок од 30 работни денови во своите интерни акти да воведе контролни механизми кои ќе бидат во функција на осигурување дека на денот на тргувањето, членката ја има обезбедено определената количина на хартиите од вредност за продавање, за секоја поединечна трансакција и да ги достави до Депозитарот.
Одлуката се објавува на веб страната на Депозитарот.

**Член 2**

Против оваа Одлука е дозволена жалба до Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија во рок од 15 календарски дена од денот на приемот на истата. Жалбата се поднесува преку Депозитарот.
Жалбата против оваа Одлука го одлага извршувањето на дисциплинските мерки изречени во членот 1 од одлуката.

**Член 3**

Оваа Одлука да се достави до Илирика инвестментс АД Скопје, Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија и архивата на Депозитарот.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

## Образложение

*1.* На 06.09.2017г., во редовниот термин на порамнување во Депозитарот (10:00 – 11:00 часот) не беше порамнета трансакцијата со број 514027 која се однесува на 370 акции издадени од издавачот РЖ УСЛУГИ АД Скопје поради недоволен број на акции, во која трансакција на продажната страна беше членката Илирика инвестментс АД Скопје. Илирика инвестментс со Допис бр.08-5293/1 од 06.09.2017 година го извести Депозитарот дека започната е постапка за позајмување на хартии од вредност согласно *Правилникот за начинот и условите под кои депозитар на хартии од вредност овозможува позајмување на хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 6/2007).*

Веднаш по првичното Известување, со Барање за порамнување на трансакција бр.08-5293/5 од 06.09.2017 година членката Илирика Инвестментс го извести Депозитарот дека состојба е настаната како резултат на фактот дека во три последователни трговски денови е вршена продажба на поголем број на акции од ист издавач од иста сметка, поради што оваа количина на акции се истргувани по грешка два пати. Постапката за позајмување на акции беше успешно завршена.

Во следниот табеларен приказ се презентирани трите последователни трансакции кои се принудно порамнети, односно за кои недостасувала претходна резервација на акциите, поради што е настаната погоре објаснетата состојба.

На 29.08.2017 на сметката 1002982602 имало 1011 акции со ИСИН MKUSLU101015

Продажби од сметката 1002982602 во периодот 20.08.2017-20.09.2017 со ХВ со ИСИН MKUSLU101015

| ISIN | сметка продавач | број на трговска трансакција | количина | датум на тргување | датум на порамнување | принудно порамнување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| MKUSLU101015 | 1002982602 | 513852 | 370 | 29.08.2017 00:00 | 01.09.2017 00:00 | да |
| MKUSLU101015 | 1002982602 | 514005 | 641 | 31.08.2017 00:00 | 05.09.2017 00:00 | да |
| MKUSLU101015 | 1002982602 | 514027 | 370 | 01.09.2017 00:00 | 06.09.2017 00:00 | да |

Резервации од сметката 1002982602 во периодот 20.08.2017-20.09.2017 со ХВ со ИСИН MKUSLU101015

| ISIN | сметка продавач | резервирана количина | почетен датум | краен датум | корисник | датум и време на трансакцијата |
|---|---|---|---|---|---|---|
| MKUSLU101015 | 1002982602 | 641 | 31.08.2017 | 29.11.2017 | TatjanaIL | 31.08.2017 11:24:44.093 |

2. Од страна на Депозитарот направена е дополнителна анализа со цел да се утврди дали членката Илирика Инвестментс при склучување на трговските трансакции на Илирика инвестментс кога се јавува на продажна страна врши

претходна резервација на хартиите од вредност во системот на Депозитарот, при што е утврдено дека во текот на 2017 година т.н. „принудено тргување” било спроведено повеќе пати (исклучувајќи ги групните трансакции), поради немање на претходни резервации на акциите.

Поради претходно констатираните состојби, Извршниот директор на Депозитарот на 14.03.2018 година поднесе Предлог до членовите на Дисциплинската комисија за поведување на дисциплинска постапка со цел утврдување дали е сторена повреда на одредбите на актите на Депозитарот.

**Тек на дисциплинската постапка**

По однос на поведената дисциплинска постапка, на 22.03.2018 година, во просториите на Депозитарот се одржа состанок помеѓу членовите на Дисциплинската комисија во врска со Предлогот за поведување на дисциплинска постапка, на кој состанок членовите на Дисциплинската комисија едногласно ги донесоа следните заклучоци:

1. Се поведува дисциплинска постапка кон членката Илирика Инвестментс АД Скопје.
2. Да се разгледа оправданоста од изрекување мерка-јавна опомена на членката со објавување на дисциплинскта одлука на веб страната на Депозитарот, заедно со мерката барање за измени во прописите на членката.
3. Пред изрекувањето на мерката да се побара од членката да ги достави до Депозитарот интерните акти во кои е регулирано тргувањето со хартиите од вредност.
4. По приемот на интерните акти на членката Илирика инвестментс АД Скопје во кои е регулирано тргувањето со хартиите од вредност да се проследат информациите до членовите на Дисциплинската комисија, со цел да се дадат предлози за измени на прописите на членката.

Согласно Заклучокот бр. 3 на Дисциплинската комисија, на 27.03.2018 година доставено е Барање до членката во рок од 3 работни дена да достави копии од своите интерни правила за работење во кои е уредена постапката за тргување со хартии од вредност, по што на 28.03.2018 година доставени се Општите услови за работење на брокерската куќа.

Потоа, повторно на 30.03.2018 година членката е известена дека е потребно во рок од 3 работни дена да ги достави и другите акти со кои подетално е уредено интерното постапување на вработените во членката при тргувањето со хартиите, доколку располагаат со истите, по што на 03.04.2018 година доставени се Правилникот за работење со странки и Правилникот за чување на деловна тајна.

Сите овие акти, на 02.05.2018 година се доставени до членовите на Дисциплинската комисија заради нивно запознавање. Притоа, на 03.05.2018 година, за целите на правилно и целосно утврдување на фактичката состојба, доставена е Покана до членката да се јави во Депозитарот на 11.05.2018 година, во 14.30 минути, со цел давање на информации во врска со елаборираната повреда на актите на Депозитарот во самата Покана.

На 11.05.2018 година, во просториите на Депозитарот, со почеток во 14 часот се одржа состанок помеѓу членовите на Дисциплинската комисија во врска со Предлогот за поведување на дисциплинска постапка бр.08-1700/1 испратен до членовите на Дисциплинската комисија на 14.03.2018 година. На Поканата за сослушување се јави Леонид Дечев- вработен кај членката, овластен од страна на Извршниот директор на членката.

Извршниот директор накратко ги презентираше состојбите истакнати во Предлогот, и укажа дека се направени дополнителни анализи кои укажуваат дека членката не прави резервации поради што Депозитарот е должен да прави принудни порамнувања, а во 2018 година 50% од сите принудни тргувања се на членката Илирика инвестментс АД Скопје. Ваквото континуирано постапување, според Извршниот директор, создава можност од повторување на вакви систуации, го зголемува оперативниот ризик според нивниот обем на работа, а постапката за позајмување на хартиите од вредност во случај на недостиг е сложена и неизвесна постапка, без разлика што претходната ситуација завршила успешно. Дополнително, Извршниот директор посочи дека дури и активирањето на Гарантниот фонд не може да се примени во овие ситуации со оглед дека истиот се однесува на ситуации кога има недостиг на пари на куповната страна.

Од страна на преставникот на членката беше посочено дека вториот случај е предизвикан поради тоа што клиентот има дадено повеќе налози и повлекување поради што е предизвикан превид на количината прво преку налог за групни трансакции и поради тоа следниот ден налогот е два пати реализиран во иста количина, и кога е веќе порамнета трансакцијата е согледано дека недостасуваат акции, а во конкретниот случај никој од страните не е оштетен. Според г. Дечев, членката многу често работи со клиенти за кои е подобро да се ставаат на групен налог и во тие случаи кога се даваат повеќе налози од ист клиент има можност да се направи превид, поради што постапуваат со зголемено внимание. Во однос на резервациите кога се тргува од еден ист клиент со повеќе налози често има повлекување повторно креирање на нови налози и во тие ситуации можно е некогаш да се откажат резервациите со цел да се види количината на хартии од вредност со кои располагаат, и тоа се причини поради кои се јавуваат ситуациите со нерезервирани хартии од вредност. Дополнително, г. Дечев напомена дека од неодамна, во софтверот на ЦДХВ количината на хартии од вредност на соодветната сметка не се поклопува со резервираните хартии од

вредност.Од страна на Извршниот директор беше укажано дека налогот внесен во БЕСТ не треба да се поврзува со резервацијата во Депозитарот.

**Мислење во врска со постапувањето на членката Илирика инвестментс АД Скопје**

Врз основа на претходно наведеното, по одржаното сослушување и разгледување на целокупната документација, членовите на Дисциплинската комисија го утврдија следното:

Во точка 5 од *Правилата за работа на ЦДХВ* е уредено утврдувањето и порамнувањето на трансакции со хартии од вредност. Поконкретно, во точка 5.14. е уредено дека сите учесници во порамнувањето што склучиле трансакции со хартии од вредност на определен ден на тргување, на денот на порамнувањето мораат да обезбедат определена количина на хартиите од вредност (доколку биле продавачи) и определени парични средства (доколку биле купувачи) за секоја поединечна трансакција.

Во конкретниот случај, членката Илирика инвестментс АД Скопје, поради отсуство на резервација на хартиите од вредност го изложила купувачот на ризик од необезбедување на предметните акции на денот на порамнувањето, и притоа во период од една година во два наврати е иницирана постапката за позајмување на хартии од вредност. Дополнително, анализите на Депозитарот укажуваат дека ваквото постапување на членката е континуирано и повторувачко, а имајќи го предвид обемот на тргувањето на членката на македонскиот пазар на капитал, нерезервирањето на хартиите од вредност дополнително го зголемува оперативниот ризик во нејзиното работење.

Согласно *Техничкото упатство за користење на апликацијата на ЦДХВ за членките на Депозитарот бр.01-1086/1 од27.02.2013 година* брокерот е особено одговорен за:

- Проследување на тргувањата, кои се пријавени во ЦДХВ за порамнување
- Регистрирање на овластување за резервација или увид и резервација на сметката на барање на сопственикот на сметката за хартии од вредност, врз основа на примено такво овластување од клиентот.
- Резервирање на сопственичка позиција за тековната продажба (доколку брокерот има добиено овластување од неговиот клиент и регистрирано овластување на сметката за хартии од вредност на неговиот клиент)

Ова Упатство е донесено врз основа на точка 4.2 став 2 од Правилата за работа на Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје и е доставено до членката Илирика инвестментс АД Скопје на 28.02.2013 година.

Според точка 3.7 од *Правилата за работа на ЦДХВ*, членката на Депозитарот е одговорна за постапките на своите вработени кои се направени спротивно на

овие Правила и упатствата на Депозитарот. Непочитувањето на правилата за ЦДХВ, одговорностите или обврските кои се опишани во Упатствата на ЦДХВ, можат да доведат до санкции за членката на Депозитарот и/или за нејзините овластени брокери, согласно Правилата за однесување и дисциплина на Депозитарот.

Согласно член 41 од *Законот за хартии од вредност*, Депозитарот како саморегулирачка организација донесува Правила за однесување и дисциплина со кои поблиску се уредува спроведувањето на сите акти на депозитарот, овој закон, прописите донесени врз основа на овој закон или друг закон во надлежност на Комисијата за хартии од вредност.

Согласно член 115 од Законот, во текот на својата работа брокерот, меѓудругото, треба да работи совесно и професионално имајќи ги предвид инвестиционите цели и финансиската состојба на клиентот, да ги почитува актите на саморегулирачката организација каде што членува и да ги почитува одредбите на овој закон.

Согласно член 3 од *Правилата за однесување и дисциплина*, членката на Депозитарот и/или брокерот е должен во рамките на своето работење да ги применува и почитува одредбите од прописите од областа на хартиите од вредност и одребите од актите на Депозитарот, согласно саморегулирачкиот статус на Депозитарот.

Согласно дефинициите дадени во *Правилата за однесување и дисциплина* „акти на Депозитарот" се: Статут, Правила за работа, Правилата за членство, Правила за арбитража, Тарифникот за висината на надоместоците на Депозитарот, овие Правила како и сите други одлуки и акти донесени врз основа на наведените акти.

Со член 9 од *Правилата за однесување и дисциплина* уредено е дека постапувањето на членка на Депозитарот и/или брокер спротивно на одребите од прописите од областа на хартии од вредност и актите на Депозитарот со кои се регулираат нивните обврски, се смета за забрането дејствие.

Имајќи во предвид дека во текот на дисциплинската постапка неспорно е утврдена фактичката состојба, односно дека членката не обезбедила хартии од вредност во редовниот циклус на денот на порамнувањето, Дисциплинската комисија одлучи дека потребно е да биде изречена мерка заради доследно спроведување на актите на Депозитарот.

Врз основа на претходно наведеното, Одборот на директори на Депозитарот на седницата одржана на 18.06.2018 година го разгледа мислењето на Дисциплинската комисија на Депозитарот и истото го прифати, по што донесе Одлука како во диспозитивот.

**Претседател на Одбор на директори на ЦДХВ АД Скопје**
**Антигона Буклеска Младеновиќ**